Што е цитат?

Цитатот или наводот е извадок од некое дело, текст, говор, изјава на познат историски лик, писател, поет, војсководец, државник, философ, научник, мистик и др.

Цитатот пренесува некоја порака во вид на поука, мисла, гледиште, совет и има општо (универзално) значење. Од таа причина, најчесто цитатот се меша со поговорка или пословица и не се посочува авторот. Кога цитираме што говореле или што напишале некои автори, нивните реченици ги пишуваме задолжително во наводници.

На пр.: Кога философот Бијант бегал од опсадениот грчки град Приена (во денешна Турција) го прашале што носи со себе, тој одговорил „Сè свое со себе си носам“.

За правилно нагласување на зборовите имаш надреден знак **иктус** (´) над самогласката од двосложниот збор. Овој знак навистина понекогаш се употребувал од Римјаните на епиграфските споменици за да може текстот правилно да се нагласува.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Латински цитат

Цитат (навод):
História est magístra vítae

Македонски превод:
Историја е учителка на животот

Автор на цитатот:
Римски државник и философ Марк Тулиј Кикерон (106-43 год. пр.Хр.)

Објаснение и толкување:
Изваден цитат од неговото дело „За говорништвото“.

Со овој цитат се укажува дека поуките од историјата треба да послужат како лекција за иднината.

Историјата се повторува.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Латински цитат

Цитат (навод):
Aléa iácta est

Македонски превод:
Коцката е фрлена

Автор на цитатот:
Римски војсководец и државник Гај Јулиј Каесар (100 – 44 год. пр.Хр.) според биографичарот Светониј

Објаснение и толкување:
Гај Јулиј Каесар, откако ја поминал реката Рубикон со својата легија, ја изговорил оваа реченица.
Сметал дека не постои друг излез освен да започне граѓанска војна во римската република и да го симне Сенатот од власта. Неговите амбиции биле да ја претвори републиката во царство.

Овој цитат се употребува кога сме донеле одлука да направиме храбар чекор во нешто без притоа да имаме можност да се премислиме затоа што нема враќање назад.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Латински цитат

Цитат (навод):
Ómnia méa mécum pórto

Македонски превод:
Сѐ свое со себе си носам

Автор на цитатот:
Римски државник и философ Марк Тулиј Кикерон (106-43 год. пр.Хр.) кој го цитирал од старогрчки философот Бијант од Приена

Објаснение и толкување:
Дури и да го загуби сето свое материјално богатство, најважните нешта ги носи со себе засекогаш, како што се мислите, знаењата, искуството, чувствата на човекот.

Кога Философот Бијант бегал од опсадениот град Приена (во денешна Турција) го прашале што носи со себе, тој одговорил дека сѐ свое со себе си носи, мислејќи на духовните богатства како мудроста, знаењата, доблестите, чесноста кои никој не можел да му ги земе, ниту непријателот.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Латински цитат

Цитат (навод):
Nóli turbáre círculos méos

Македонски превод:
Не вознемирувај ѓи моите кругови

Автор на цитатот:
Старогрчки математичар Архимед (287 – 212 год. пр. Хр.) од Сиракуза (Сицилија); цитатот е според историчарот Плутарх

Објаснение и толкување:
Според легендата, кога Римјаните ја окупирале Сиракуза на ос. Сицилија во 212 год. пр. Хр., римскиот војсководец наредил да го поштедат Архимед од смртна казна. Кога војската влегла во неговата куќа, еден римски војник го здогледал Архимед седнат на песокот.

Тој работел на некој математички дијаграм цртајќи геометриски кругови и бил мошне внесен во неговата работа. Го прашал дали е тој Архимед, а тој, свртен со грб кон војникот, му возвратил „Не вознемирувај ги моите кругови“, по што овој го убил спротивно на налогот затоа што не добил потврден одговор.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Латински цитат

Цитат (навод):
Tímeo Dánaos et dóna feréntes

Македонски превод:
Се плашам од Данајците (Грците) и кога дарови носат

Автор на цитатот:
Старогрчки епски поет Хомер; извадок од неговата епска песна „Илијада“

Објаснение и толкување:
Оваа реченица ја изговорил тројанскиот свештеник Хипокоонт во Хомеровата „Илијада“, предупредувајќи ги Тројанците да не го прифаќаат дарот на Данајците во облик на голем дрвен коњ, зашто им се подготвува измама и пропаст на градот Троја. Имено, Данајците оставиле еден голем дрвен коњ како подарок за нивните непријатели Тројанци како знак дека се повлекуваат од десетгодишната војна и дека тоа од нив го побарала божицата Атена. Во коњот се криеле данајските херои. Откако Тројанците го внеле коњот во Троја, таа била одвнатре опожарена и целосно опљачкана. Поуката од приказната е да не му се верува на непријателот кога нешто подарува.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND